# ЕВРОПСКА ИНВСТИЦИСКА БАНКА – Изјава за заштита на податоци–

## Анкета за инвестиции на ЕИБ (EIBIS)

## 1. Вовед

Европската инвестициска банка (во натамошниот текст „ЕИБ“) е посветена на заштитата на личните податоци. ЕИБ собира и дополнително обработува лични податоци во согласност со Регулативата (ЕУ) 2018/1725 од 23 октомври 2018 година за заштита на физичките лица во однос на обработката на личните податоци од страна на институциите, телата и агенциите на Унијата и за слободното движење на тие податоци, и ја укинува Регулативата (ЕЗ) бр. 45/2001 и Одлуката бр. 1247/2002/ЕЗ (во понатамошниот текст Регулатива (ЕУ) 2018/1725).

Оваа изјава за заштита на податоците ја објаснува причината за обработка и начините на собирање, ракување и обезбедување заштита на сите лични податоци. Покрај тоа, оваа изјава дополнително ги објаснува начините на кои се користат информациите и правата на засегнатите поединци кои се достапни во однос на нивните лични податоци.

Подолу се претставени информациите во врска со операцијата за обработка на Анкетата за инвестиции на ЕИБ (ЕИБИС) спроведена од ЕИБ.

## 2. Раководител за обработка на податоци

Раководител за обработка на податоци е Одделот за економија на Генералниот секретаријат („SG/ECON“) на Европската инвестициска банка („ЕИБ“).

## 3. Цел на обработката

Оваа изјава за заштита на податоците обезбедува информации во врска со обработката на личните податоци извршена од страна на ЕИБ во текот на спроведувањето на Анкетата за инвестиции на ЕИБ. ЕИБ ги извршува овие задачи врз основа на овластувањата што и се доверени во согласност со одредбите од договорите со ЕУ и нејзиниот Статут

ЕИБ ги обработува личните податоци со цел да управува со Анкетата за инвестиции на ЕИБ, на разумен и правилен начин, во согласност со важечките закони и прописи. Личните податоци се обработуваат во согласност со Регулативата (ЕУ) 2018/1725.

Во контекст на Анкетата за инвестиции на ЕИБ, ЕИБ ги обработува личните податоци заради спроведување на Анкетата за инвестиции на ЕИБ, која собира увиди од компании низ ЕУ, Западен Балкан (Албанија, Босна и Херцеговина, Косово, Црна Гора, Северна Македонија, Србија) и САД за инвестициските активности, условите за финансирање и предизвиците како што се климатските промени и дигиталната трансформација. Анкетата служи како основа за дискусии за политиките и го поддржува креирањето политики на национално ниво и на ниво на ЕУ. Личните податоци се обработуваат и за потребите на поврзаните компоненти од истражувањето, меѓу кои е и модулот посветен на синџирот на снабдување. Јавно достапните информации за компанијата може да се додадат на податоците од анкетата за аналитички цели, при што се осигурува дека не се објавуваат поединечни резултати на ниво на компанија или на ниво на јавен субјект.

Анкетата ќе послужи како основа за дијалогот за политиките во врска со двигателите и бариерите за инвестиции како и за промовирање на креирање политики кои можат подобро да ги поддржат бизнисите и општините на национално ниво и на ниво на ЕУ.

Доколку испитаниците биле дел од претходниот бран од истражувањето, со учество во друг бран од истражувањето, тие се согласуваат нивните одговори од секој бран да бидат поврзани заедно. Личните податоци за контакт нема да бидат вклучени.

Со учество во анкетата, испитаниците се согласуваат да добијат дополнителни јавно достапни информации за нивната компанија/организација/јавен орган во прилог на податоците од истражувањето. Дополнителните информации ќе бидат преземени од базата на податоци на Мудис Орбис, Дан и Бредстрит, Блумберг, агенциите за рејтинг, ОЕЦД, Пактот на градоначалниците на ЕУ, Евростат, Европската комисија и светската статистичка база на податоци за патенти PATSTAT, јавно достапни веб-страници кои содржат информации за компании или јавни тела и други комерцијални даватели на јавно достапни информации. Овие податоци ќе се соберат или ќе се користат за аналитички цели (како што се проценки или корелациски анализи) и нема да бидат објавени резултати на ниво на компанија/организација/јавно тело.

Обработката на личните податоци во контекст на Анкетата за инвестиции на Групацијата ЕИБ не вклучува постоење на автоматско одлучување, вклучително и профилирање.

## 4. Правна основа за обработка

Правната основа за обработка на лични податоци во контекст на Анкетата за инвестиции на ЕИБ е: согласноста на испитаникот и јавниот интерес.

## 5. Категории на испитаници

Следниве категории на испитаници се/може да бидат засегнати со обработката според дел 3: клиенти на ЕИБ, лица за контакт на (нефинансиски) компании и јавни институции.

## 6. Кои лични податоци ги обработува ЕИБ?

ЕИБ ги обработува следните категории на лични податоци: име, податоци за контакт, титула, професија.

Нашиот давател на услуги, Ипсос, ги обработува следните категории на лични податоци: име, податоци за контакт, титула, позиција, аудио снимки, IP адреса.

## 7. Од каде ЕИБ ги добива личните податоци?

Лични податоци се добиваат:

- директно од испитаникот
- од бази на податоци кои содржат информации за контакт на компанијата или јавниот орган што го претставува испитаникот.
- од LinkedIn

## 8. Кому се откриваат личните податоци?

ЕИБ може да открие лични податоци на следните примачи:

- Ипсос, давателот на услуги на ЕИБ, кој може да соработува со агенции за истражување на пазарот и агенции кои спроведуваат теренска работа за да го спроведе истражувањето по телефон низ целиот свет.
- Во случај на согласност за примање резултати од истражувањето, личните податоци може да се споделат со агенцијата за комуникации на ЕИБ, која ги обработува податоците во име на ЕИБ под строги услови за доверливост и безбедност.

- Сите партнери кои се користат при собирањето податоци ќе бидат одобрени и усогласени со Општата регулатива за заштита на податоци.

9. **Меѓународни преноси**

Преносот на податоците се врши во Обединетото Кралство, каде што се наоѓа давателот на услугата, под условите пропишани во стандардните договорни клаузули за меѓународни трансфери одобрени од Европската комисија.

10. **Колку долго ЕИБ ги чува личните податоци?**

Личните податоци се чуваат се додека е потребно за целите опишани во оваа изјава за заштита на податоците. Следниве критериумите го одредуваат периодот на чување на личните податоци:

- Рамките за примероци добиени од бази на податоци или јавно достапни вебстраници како што е наведено погоре, може да се користат/ажурираат како рамки за примероци за идните бранови на истражувањето.
- Датотеките испратени до ЕИБ и/или агенцијата за комуникација на ЕИБ од страна на давателот на услугата заради испраќање на е-поштата за благодарност ќе се користат исклучиво за испраќање на објавениот извештај од истражувањето и ќе се споделат само во рамките на ЕИБ или со комуникацискиот партнер за исполнување на наведената цел.
- За Ипсос, како давател на услуга, се применува точно определен период на чување: личните податоци на испитаниците собрани за потребите на тековниот бран на истражувањето ќе бидат безбедно отстранети најдоцна една година по неговото спроведување, освен ако испитаниците дале согласност на Ипсос или друга истражувачка компанија повторно да контактира со нив заради учество во друг бран од истражувањето.

11. **Кои се правата на испитаниците и како можат да ги остварат?**

Правата на испитаниците се утврдени во  деловите од 3 до 5 на Регулативата (ЕУ) 2018/1725.

- Испитаниците имаат право да добијат потврда од раководителот за обработка на податоци за тоа дали нивните лични податоци се обработуваат или не, и доколку се обработуваат, да пристапат до нивните лични податоци со контактирање на раководителот или преку ДПО на ЕИБ (**право на пристап**);

- Испитаниците имаат право да побараат од раководителот да ги исправи сите неточни податоци и/или да ги дополни нецелосните лични податоци (**право на исправка**);
- Испитаниците имаат право да побараат од раководителот да ги избрише нивните лични податоци во согласност со Член 19 од Регулативата (ЕУ) 2018/1725 (**право на заборавање**);
- Испитаниците имаат право да побараат од раководителот да ја ограничи обработката на нивните лични податоци во следниве случаи (**право на ограничување на обработката**):

  (i) доколку ја оспоруваaат точноста на нивните податоци;

  (ii) доколку обработката на нивните податоци е незаконска и тие се противат на нивно бришење;

  (iii) доколку на раководителот повеќе не му се потребни личните податоци за целите на обработката, но испитаникот има потреба од нив за основање, остварување или одбрана на правни побарувања; Или

(iv) доколку испитаниците се спротивставиле на обработката на нивните податоци и ЕИБ се обидува да утврди дали раководителот има легитимна основа која има предност над правото на испитаниците на ограничување на обработката.

- Испитаниците имаат право да се спротивстават на обработката на нивните лични податоци, врз основа на нивната конкретна ситуација, освен ако ЕИБ не покаже убедливи легитимни основи за обработка или за воспоставување, остварување или одбрана на правни барања;
- Испитаниците имаат право да ги добиваат своите лични податоци од ЕИБ во структуриран, вообичаено користен и машински читлив формат за да им се овозможи да ги пренесуваат своите податоци на друг раководител без пречки од ЕИБ (право на преносливост на податоци);
- Кога правната основа на обработка на податоците е согласност, испитаниците имаат право да ја повлечат својата согласност во секое време. Повлекувањето на согласноста нема да влијае на законитоста на обработката која се заснова на согласност дадена пред нејзиното повлекување;
- Испитаниците имаат право да поднесат жалба до Европскиот супервизор за заштита на податоците (www.edps.europa.eu) во секое време (**право за поднесување жалба**).

## 12. Контакт за помош

- Доколку испитаниците имаат прашања во врска со обработката на нивните лични податоци или сакаат да остварат некое од горенаведените права, нека не контактираат преку е-пошта на eibis@eib.org или нека го контактираат Службеникот за заштита на податоци на ЕИБ, Г-дин. Pelopidas Donos, преку електронска пошта на p.donos@eib.org или на следнава адреса:

Mr. Pelopidas Donos

European Investment Bank

98-100 Boulevard Konrad Adenauer

L-2950 Luxembourg (Grand Duchy of Luxembourg)